# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

Број 5 год. XLII
Вторник, 03.05.2011
Битола

www.bitola.gov.mk

e-mail:bitola@t-home.mk


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија

1. Го објавувам Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-971/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05) и член 9 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 15/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 год., донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### за избор на претседател и членови на Верификационата комисија

1. Се избираат претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Битола во состав:

За претседател Димче Попов
За членови:
Николина Ристевска,
Лилјана Обедниковска,
Томислав Стојчевски и
Валентин Груевски

2. Верификационата комисија, врз основа на известувањето од Општинската изборна комисија, доставеното уверение од страна на членот на Советот, како и по утврдувањето на неговиот идентитет, поднесува извештај до Советот со предлог за верификација на мандатот на членот на Советот на Општината Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-890/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Битола

**Член 1**

Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општината Битола Маргарита Ивановска, избрана на локалните избори одржани на 22.03.2009 година од листата на кандидати на ВМРО-ДПМНЕ и Здружената коалиција.

**Член 2**

Мандатот на новоизбраниот член на Советот ќе трае до крајот на мандатот на членовите на Советот на Општината Битола.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Оперативниот план и Програмата за спроведување на превентивна систематска дератизација на каналскиот систем, јавната депонија и ѓубриштата на град Битола за 2011 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Оперативниот план и Програмата за спроведување на превентивна систематска дератизација на каналскиот систем, јавната депонија и ѓубриштата на град Битола за 2011 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Опертивен план и Програмата за спроведување на

**превентивна систематска дератизација на канализациониот систем, јавната депонија и ѓубриштата на град Битола за 2011 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Оперативниот план и Програмата за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем, јавната депонија и ѓубриштата на град Битола за 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-890/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за усвојување Превентивниот план и Програмата за контрола и уништување на комарците на подрачјето на Општината Битола за 2011 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Превентивниот план и Програмата за контрола и уништување на комарците на подрачјето на Општината Битола за 2011 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-971/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
### за усвојување Превентивен план и програма за контрола и уништување на комарците на подрачјето на Општината Битола во 2011 година

1. СЕ УСВОЈУВА Превентивниот план и програма за контрола и уништување на комарците на подрачјето на Општината Битола за 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-890/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за усвојување Програмата за санација на Реката Драгор

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Програмата за санација на Реката Драгор, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-971/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Програмата за санација на Реката Драгор

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за санација на Реката Драгор.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Програмата за чистење и одржување на ободните канали во Битола

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Програмата за чистење и одржување на ободните канали во Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Програмата за чистење и одржување на ободните канали во Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за чистење и одржување на ободните канали во Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Финансовиот план за работа на ЈП „Комуналец“ Битола за 2011 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Финансовиот план за работа на ЈП „Комуналец“ Битола за 2011 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Финансовиот план за работа на ЈП „Комуналец“ Битола за 2011 година

1. СЕ УСВОЈУВА Финансовиот план за работа на ЈП „Комуналец“ Битола за 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Финансовата програма за одржување јавната чистота на јавните површини на подрачјето на Општината Битола во 2011 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Финансовата програма за одржување јавната чистота на јавните површини на подрачјето на Општината Битола во 2011 година , донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Финансовата програма за одржување јавната чистота на јавните површини на подрачјето на Општината Битола во 2011 година

1. СЕ УСВОЈУВА Финансовата програма за одржување јавната чистота на јавните површини на подрачјето на Општината Битола во 2011 година

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Финансовата програма за одржување на јавните зелени површини на подрачјето на Општината Битола во 2011 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Финансовата програма за одржување на јавните зелени површини на подрачјето на Општината Битола во 2011 година , донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
### за усвојување Финансовата програма за одржување на јавните зелени површини на подрачјето на Општината Битола во 2011 година

1. СЕ УСВОЈУВА Финансовата програма за одржување на јавните зелени површини на подрачјето на Општината Битола во 2011 година

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за ,,Јени Маале 2 дел“ Блок 1 - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Јени Маале 2 дел“ Блок 1 - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 11, 17 ,17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/2010 и 18/2011) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
### за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Јени Маале 2 дел“ Блок 1 - Битола

**Член 1**

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Јени маале 2 дел“ Блок 1 – Битола.

Границата на овој ДУП е: на исток по осовина на источен крак на ул. „Даме Груев“, на југ по осовина на ул. „Булевар 1 ви Мај“, на запад по осовина на новопредвидена сообраќајница со ДУП, а на север се движи по осовина на ул. „Даме Груев“.

Опфатот на вака предложениот План има приближно површина од 6.15 ха.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за „Јени маале 2 дел“ Блок 1 - Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-890/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на трајно користење на недвижна ствар во сопственост на Република Македонија без надоместок

1. Ја објавувам Одлуката за за прифаќање на трајно користење на недвижна ствар во сопственост на Република Македонија без надоместок, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 2 од Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општината Битола („Сл. весник на РМ“ бр. 27/2011), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на трајно користење на недвижна ствар во сопственост на Република Македонија без надоместок

### Член 1

Со оваа Одлука Општината Битола прифаќа трајно да ги користи без надоместок недвижните ствари кои се наоѓаат во Касарната „Стеван Наумов – Стив“ во Битола на КП бр. 17595/1, запишни во ИЛ бр. 26860, за КО Битола викано место Хераклеа, сопственост на Република Македонија и тоа:

- објект бр. 14 (по старо бр. 9) со вкупна површина од 319 $м^2$;
- објект бр. 49 (по старо бр. 3) со вкупна површина од 2.608 $м^2$;
- објект бр. 50 (по старо бр. 4) со вкупна површина од 1.440 $м^2$;
- објект бр. 51 (по старо бр. 95) со вкупна површина од 1.317 $м^2$;
- објект бр. 52 (по старо бр. 94) со вкупна површина од 1.326 $м^2$;
- објект бр. 53 (по старо бр. 93) со вкупна површина од 1.326 $м^2$;

### Член 2

За примопредавањето на недвижната ствар ќе се состави записник.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање во сопственост на недвижни ствари на Општинта Битола без надоместок

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање во сопственост на недвижни ствари на Општината Битола без надоместок, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/02), член 22 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр. 10/05), а во врска со член 2 од Одлуката за престанок на трајно користење и давање во сопственост на недвижни ствари на Општината Битола („Сл. весник на РМ" бр. 52/2011), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање во сопственост на недвижни ствари на Општината Битола без надоместок

**Член 1**

Со оваа Одлука Општината Битола прифаќа во сопственост без надоместок недвижните ствари со површина под објект од 948 м$^2$ и површина од 1.741 м$^2$ од кои подрум 150 м$^2$, приземје 792 м$^2$, приземје 12 м$^2$ и сутерен 787 м$^2$ на КП бр. 2797/2; површина под објект од 87 м$^2$ на КП бр. 2796; двориште со површина од 7.296 м$^2$ на КП бр. 2791; двориште со површина од 400 м$^2$ на КП бр. 2797/1; и двориште со површина од 230 м$^2$ на КП бр. 2797/3, лоцирани на ул. „Иван Милутиновиќ" КО Битола 4, евидентирани на Имотен лист бр. 70076.

**Член 2**

За примопредавањето на недвижните ствари ќе се состави записник.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-890/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на трајно користење на движни ствари во сопственост на Република Македонија без надоместок

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на трајно користење на движни ствари во сопственост на Република Македонија без надоместок, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-971/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/02), член 22 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр. 10/05), а во врска со член 2 од Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општината Битола („Сл. весник на РМ" бр. 50/2011), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на трајно користење на движни ствари во сопственост на Република Македонија без надоместок

**Член 1**

Со оваа Одлука Општината Битола прифаќа трајно да ги користи без надоместок движните ствари: отпадно железо – 2.000 кгр.

**Член 2**

За примопредавањето на движните ствари ќе се состави записник.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Битола Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти за производство на енергија на подрачјето на Општината Битола кои користат обновливи извори на енергија во Република Македонија

1. Ја објавувам Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти за производство на енергија на подрачјето на Општината Битола кои користат обновливи извори на енергија во Република Македонија, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Битола Владимир Талески

Врз основа на член 9 од Законот за енергетика ( „Сл. весник на РМ“ бр. 16/11), член 22 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година донесе

## ОДЛУКА
## за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти за производство на енергија на подрачјето на Општината Битола кои користат обновливи извори на енергија во Република Македонија

**Член 1**

Со оваа Одлука се ослободуваат од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште сите инвеститори кои ќе градат објекти за производство на енергија на подрачјето на Општината Битола кои користат обновливи извори на енергија во Република Македонија.

Инвеститорот е должен да изврши самоуредување на градежното земјиште.

**Член 2**

Ова ослободување се врши согласно енергетската политика на Република Македонија за унапредување на енергетската ефикасност и поттикнување на користење на обновливи извори на енергија и активностите на општините за зголемување на енергетската ефикасност и производство на енергија од обновливи извори на енергија.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Битола Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за доделување

**финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Сојуз на спортови - Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Сојуз на спортови - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финнсиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Сојуз на спортови - Битола

**Член 1**

На Сојуз на спортови - Битола му се доделуваат 350.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за реализирање на програмски активности.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Општинскиот сојуз на училишен спорт - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Општинскиот сојуз на училишен спорт - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финнсиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Општински сојуз на училишен спорт - Битола

Член 1

На Општински сојуз на училишен спорт - Битола му се доделуваат 350.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за реализирање на програмски активности.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Битола Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Правилник за користење на просторот во зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната**

1. Ја објавувам Заклучокот за усвојување Правилник за користење на просторот во зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Битола Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Правилник за користење на просторот во зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната**

1. СЕ УСВОЈУВА Правилникот за користење на просторот во зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Битола Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето**

1. Го објавувам Правилник за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Битола Владимир Талески

Врз основа на член 59 став 4 од Зконот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.82/2008, 143/2008 и 56/2010), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината за трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл.весник на РМ“ бр.88/09; 157/09; 63/10; 98/10; 13/11 и 24/11) и врз основа на член 22 точка 26 од Статутот на Општина Битола („Сл.гласник на Општина Битола“ бр.10/05), Советот на Општина Битола на својата седница, одржана на ден 28.04.2011 год. донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредуваат работите што го сочинуваат обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, се определува надоместокот и начинот на здружување на средствата за уредување на земјиштето.

## II ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

### Член 2

Уредувањето на градежното земјиште во градски реон опфаќа:

1. Подготвување и расчистување на градежното земјиште, и
2. Опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации

### Член 3

Подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

- Изготвување урбанистички планови со инфраструктура
- Оформување и обезбедување на геодетска документација, подлоги и елаборати
- Изработка на елаборати за експропијација
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотот
- Отстранување, преместување на постојаните комунални објекти инсталации што сметаат при градбата и користењето на објектот
- Преселување на станарите и покуќнината
- Рушење на објектите и пренесување на шутот од урнатите работи до кота на самониклива почва
- Основни геомеханички испитување на теренот
- Асанациони работи (израмнување на земјиштето, насипување, одводнување, осигурување од лизгање, расчистување на земјиштето од депонии земја и растенија и други асанациони зафати)
- Програмирање на уредувањето

### Чл. 4

Под поимот израмнување на земјиштето како дел од асанационите работи се сметаат: израмнување на теренот во рамките на општата нивелета-нагибот на теренот со израмнување на сите нерамнини кои излегуваат надвор од тие рамки, односно до кота на природната конфигурација на теренот, а не доведување на земјиштето во хоризонтална положба. За објекти кои се градат во постојниот дел на градот на свои земјишта не се врши расчистување на теренот.

### Чл. 5

Под поимот одводнување на земјиштето како дел од асанационите работи се сметаат: зафаќање и одводнување на површинските води од населбите, но не и од самата локација.

## III СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

### Член 6

Опремувањето на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации опфаќа две групи:

- Опремување на земјиштето со основни инфраструктурни објекти и инсталации

содржани во генералните урбанистички планови и плановите за вон населени места - од заедничко користење

- Опремување на земјиштето со секундарни инфраструктурни објекти и инсталации опфатени со деталните урбанистички планови - од индивидуално користење на објектот.

**Чл. 7**

Опремувањето на земјиштето со основни инфраструктурни објекти и инсталации опфаќа:

- основни градски сообраќајници (магистрални и примарни)
- магистрални и примарни водоводи за довод на вода во населбите и други водоснабдителни објекти:
- колектори за одвод на фекална и атмосферска вода
- пречистителни станици

Средства за проектирање и изградба на објектите од овој член се обезбедува од надоместокот за употреба на градежното земјиште, стопанските субјекти, самопридонеси, Републички средства и други извори на средства.

**Член 8**

Степенот на уреденост на градежното земјиштето со секундарни инфраструктурни објекти се определува на основа обемот на опременост на земјиштето со објекти и инсталации кои се потребни за задоволување на заедничката и индивидуалната потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште од став 1 на овој член може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

**Член 9**

Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа :

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,
- подземна електрична мрежа,
- улично осветлување,
- водоводна мрежа,
- фекална канализација и
- атмосферска канализација

**Член 10**

Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од чл.9 како и :

- ПТТ (оптичка-телекомуникациона) мрежа,
- топлификациона мрежа,
- паркинг простори,
- гасоводна мрежа и
- пречистителна станица за отпадни води

**Член 11**

Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
- подземна електрична мрежа,
- сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа),
- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација) ,
- сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација),
- нестандардно улично осветлување и
- надземна нестандардна електрична мрежа

**Член 12**

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласнот со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно чл.9; чл.10; чл.11 на овој правилник, во кои се засметани и трошоците за хидротехнички услови за приклучоци.

**Член13**

Партерното уредување на локацијата според изготвениот проект (пристапите на објектот од улицата до влезовите на објектот, осветлувањето сврзано со објектот како и приклучоците на објектот од приклучните места на секундарната мрежа преку хидротехничките услови, енергетската со-

гласност) затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат сопственост на инвеститорот паѓаат на негов товар.

Претходно изградените инсталации доколку остануваат под објектот, нивната заштита паѓа на товар на инвеститорот, односно корисникот на локацијата.

## IV УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

### Член 14

Просечниот надоместок за уредување на градежното земјиште по 1м$^2$ изградена корисна површина на објект во градскиот реон се утврдува во зависност од висината на градежната цена по 1м$^2$ станбен односно деловен простор, намена на објектот (станбен-деловен), локалитет на кој се гради објектот (зона) и вид на објектот (колективна или индивидуална станбена зграда).

Појдовна големина во пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со програмата за уредување на градежното земјиште (во натамошниот текст програма), а на истата во текот на годината ќе се врши индексација според движењето на цените на индустриските производи и порастот на платите на Републиката што ги објавува Републичкиот завод за статистика, при што за месеците за кои не е објавен ќе се применува како претпоставен последниот објавен индекс во однос на предходниот месец.

Индексацијата во смисла на претходниот став на овој член ќе ја пресметува субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште.

### Чл.15

При пресметување на приходите, во програмата ќе се зема просечниот износ на надоместокот за уредување на градежното земјиште помножен со нето изградена површина согласно утврдените стандарди, при што односот нето површина ќе претставува 80% од бруто површината на објектите што ќе се градат.

### Член 16

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од уреденоста на градежното земјиште, се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините по метар квадратен на подовите на сите простории во објектот, согласно завереният основен проект и анекс на основниот проект, помножена со следните коефициенти:

| **1. СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | **коеф.** |
|---|---|
| - станбени простории | **1,0** |
| - станбени простории во поткровје со висина до 2,50 со надзидок до 1,5м | **0,2** |
| - станбени простории во поткровје со висина до 2,50 и надзидок поголем од 1,5м –max. до 2,0м | **0,5** |
| - станбени простории во сутерен вкопани од 20см. до 100см | **0,5** |
| - галерии со висина помала од 2,5м | **0,8** |
| - лоѓија затворена од три страни | **0,4** |
| - подлоѓија затворена од две страни | **0,3** |
| - балкони, тераси | **0,2** |
| - заеднички проодни тераси, пасажи, | **0,2** |
| - помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | **0,3** |

| | |
|---|---|
| - трафостаници од 35 КВ во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| - трафостаници од 20(10) КВ во објектот и надвор од објектот | 0,2 |
| - скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| - стражарници, управител, простории за домар | 0,5 |
| - отворени базени во дворно место | 0,2 |
| - паркиралишта и гаражи | 0,1 |

| **2. ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | **коеф.** |
|---|---|
| - простории | 1,0 |
| - простории во поткровје со висина до 2,50 и со надзидок до 1,5м | 0,6 |
| - простории во поткровје со висина до 2,50 и надзидок поголем од 1,5м – max. до 2,0м | 0,8 |
| - магацини | 0,5 |
| - деловни простории во сутерен вкопани од 20см. до 100см | 0,8 |
| - деловни простории во визба вкопани повеќе од 1,0м | 0,5 |
| - галерии со помала висина од 2,5м | 0,8 |
| - помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 |
| - трафостаници од 35 КВ во објектот и надвор од објектот | 0,4 |
| - трафостаници од 20(10) КВ во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| - скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| - паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| - лоѓија затворена од три страни | 0,5 |
| - подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - балкони, тераси | 0,4 |
| - отворен наткриен простор | 0,3 |

| **3. ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | **коеф.** |
|---|---|
| - катни гаражи | 0,2 |
| - спортски покриени објекти | 0,5 |
| - спортски откриени објекти | 0,3 |
| - гасни станици, и базни станици – за 50% од површина на локацијата | 1,0 |
| - отворени пазаришта – за 30% од површината на локацијата | 1,0 |
| - базени | 0,2 |
| - трафостаници над 35 КВ | 1,0 |

| **4. ЗА ОБЈЕКТИ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ<br>Г – ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ** | **коеф.** |
|---|---|
| - Г1 тешка и загадувачка индустрија | **0,05** |
| - Г2 лесна и незагадувачка индустрија | **0,05** |
| - Г3 сервиси | **0,05** |
| - Г4 стоваришта | **0,05** |

| **5. ЗА БЕНЗИСКА ПУМПНА СТАНИЦА И НЕЈЗИНИ ПРИДРУЖНИ СОДРЖИНИ<br>(продавници, кафетерии и ресторани, авто салони, помошни простории)** | **коеф.** |
|---|---|
| - продажни простории на бензиски пумпни станици | **1,00** |
| - услужни простории на бензиски пумпни станици | **1,00** |

| **6. ЗА ОБЈЕКТИ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ<br>Б5 – УГОСТИТЕЛСКИ И ТУРИСТИЧКИ КОМПЛЕКСИ, ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ОДМОРАЛИШТА<br>А4 – ХОТЕЛ, МОТЕЛ, ПЛАНИНАРСКИ ДОМ И ЛОВЕН ДОМ** | **коеф.** |
|---|---|
| - сите простории | **0,05** |

- По исклучок од став 1 на овој член, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:

- ѕидовите и други конструктивни елементи,
- инсталационите канали,
- окната за лифтови,
- окна на врати
- отворени паркиралишта
- подземни резервоари

**- За објекти од став 1 на овој член со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно став (1) и (2) од овој член.**

**- За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно став (1) и (2) од овој член.**

- Дефинирањето на поедини нивоа во објектот во смисла на овој правилник без оглед за која намена се користи е според Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти.

- Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре.

**Член 17**

За доградба и надградба се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште согласно коефициентите предвидени во чл.16, а во зависност од $м^2$, корисни површини кои се проектирани за доградба и надградба.

**Член 18**

За реконструкција на објекти во постојниот габарит на објектот не се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште.

За реконструкција на објекти – темелна реконструкција со дислокација на објектот инвеститорите плаќаат надомест за уредување на градежното земјиште 30% во однос предвидените коефициенти од чл.16 на овој Правилник.

**Член 19**

За пренамена на објектите (станбени и помошни) во деловни се наплатува еднократен надомест за уредување на градежното земјиште во висина што преставува разлика од претходно наплатениот надомест до полниот износ што треба да се плати за намената што ќе ја добие објектот или дел од објектот, а средствата се неповратни.

Надоместокот за пренамена од деловен во станбен простор не се наплатува.

**Член 20**

Не се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште при обнова на објекти кои се порушени од пожари, поплави и снегови и тоа само за градба што одговара на првобитната состојба.

**Член 21**

Меѓусебните права и обврски за уредување на градежното земјиште врз основа на стекната сопственост и останата документација од надлежен орган (решение за локациски услови, основен проект) се утврдуваат со договор помеѓу сопственикот на земјиштето и субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште.

**Член 22**

Доколку при изградбата инвеститорите отстапуваат од техничката документација и се здобија со нова станбена или деловна површина должни се да платат соодветна разлика утврдена со анекс договор за уредување на градежното земјиште за ново изградената површина помножена со надоместокот во моментот на плаќањето по претходно добиена уредна техничка документација од страна на надлежниот орган.

**Член 23**

За објектите чии габарит е содржан во урбанистичкиот план, а е изграден без уредна документација, ќе се плаќа надоместокот за уредување на градежното земјиште утврден во програмата во моментот на уплата, а по претходно добиена уредна градежна документација од надлежниот орган.

**Член 24**

Доколку вкупниот пресметан упросечен надоместок за конкретна локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот ќе се плаќа по стварно направените трошоци за уредување на локацијата и соодветниот дел од пошироката локација што ќе се регулира со анекс кон договорот за уредување на градежното земјиште.

**Член 25**

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместокот за уредување на градежното земјиште, инвеститорот не може да добие дозвола за употреба на објектот и приклучоци на комуналната инфраструктура.

## V НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАМЕНА НА СРЕДСТВАТА

**Член 26**

Средствата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола се здружуваат на посебна сметка и се користат за реализација на програмата за уредување на градежното земјиште.

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објектите согласно овој правилник.

## VI ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Член 27**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето („Сл.гласник на Општина Битола„ бр.2/02)

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-890/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Комисијата за статут и прописи на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Комисијата за статут и прописи на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Комисијата за статут и прописи на Советот на Општината Битола

1. Од Комисијата за статут и прописи на Советот на Општината Битола се разрешува членот Михајло Џолонга,а се именува Маргарита Ивановска, како член на Комисијата.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Комисијата за јавни и комунални дејности на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Комисијата за јавни и комунални дејности на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Комисијата за јавни и комунални дејности на Советот на Општината Битола

1. Од Комисијата за јавни и комунални дејности на Советот на Општината Битола се разрешува членот Михајло Џолонга, а на негово место се именува Маргарита Ивановска, член на Советот на Општината Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Комисијата за заштита на човековата средина на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Комисијата за заштита на човековата средина на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Комисијата за заштита на човековата средина на Советот на Општината Битола

1. Од Комисијата за заштита на човековата средина на Советот на Општината Битола се разрешува членот Михајло Џолонга, а на негово место се именува Маргарита Ивановска, член на Советот на Општината Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Здружението „СЛОУ ФУД“ Битола да го употреби името Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Здружението „СЛОУ ФУД“ Битола да го употреби името Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр. 52/10) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Здружението „СЛОУ ФУД“ Битола да го употреби името Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Здружението „СЛОУ ФУД“ Битола, да го употреби името Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола

1. Од Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола се разрешува Сузана Станковска, а на нејзино место се именува Благој Лазаревски, од с. Средно Егри, ССС.

2. Примерок од решението да се достави до именованите и ЈП „Пазари“ Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Проектот почиста и зелена Битола за 2011 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Проектот почиста и зелена Битола за 2011 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-971/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Проектот почиста и зелена Битола за 2011 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Проектот почиста и зелена Битола за 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-890/26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Согласно Одлуката на Советот на Општина Битола бр.07-97/12 од 25.01.2008год. за формирање на ЈП СИЗ Жабени како и Одлуката на Советот на Општина Битола бр.07-1934/3 од 30.09.2010 год. за давање на поволни услови за инвестиции во индустриската зона Жабени објавена во Службен Гласник на Општина Битола , Статутот на ЈПСИЗ Жабени чл.7 ЈП СИЗ Жабени го предлага следниот

# ПРАВИЛНИК

За користење на просторот во зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната

## 1. УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ И РЕЖИМ НА КОРИСТЕЊЕ НА ИСТИТЕ

чл.1

Во индустриската зона Жабени се поставуваат бизнис претпријатија согласно условите дадени во урбанистичкиот план за Индустриска зона Жабени и инвестиционо техничка документација издадена од страна на Општина Битола.

чл.**2**

Инвестититорот во фаза на обезбедување на потребната инвестиционо техничка документација во смисол на добивање на согласност, одобренија, дозволи , односно сертификати утврдени со посебни закони , потребни за основање и отпочнување со работа во зоната , соработува со ЈП СИЗ Жабени.

чл.3

Во смисол на одржлив развој , квалитет на градба и функционирање на зоната ЈП СИЗ Жабени обезбедува стручна контрола пред отпочнување и во текот на градбата и тоа за:

-изработка и користење на времени сообракајници
-насипување и набивање на земјиште
-геомеханички испитувања и предлог решенија по истите
-придржување кон протоколот за градба , габаритски и нивелациски
-одстранување на градежниот шут од градилиштето
-приклучоци на внатрешни патишта кон главната сообракајна мрежа на зоната
-приклучоци за канализација
-приклучоци за санитарна и технолошка вода
-избор и поставување на ограда околу објектот

За извршената контрола од чл.3 Инвеститорот е должен да плати 0.2% од вкупната вредност на инвестицијата рачунато по просечна градежна цена од 300 евра/м2 изградена нето поврШина . Износот се распределува на 12 месечни рати сметано со отпочнувањето на градбата.

За сите евентуални непредвидени прекопи или други градежни активности во смисол; кабелска телевизија , фиксна телефонија, гасификација , топлификација и сл. потребна е согласност од страна на ЈП СИЗ Жабени.

чл.4

Секоја бизнис фирма е должна изградените објекти да ги одржува во добра состојба како и соодветно да го уредува слободниот простор на парцелата.

чл.5

Секоја фирма е задолжена да го собира индустрискиот отпад во соодветни контејнери поставени на соодветни места , со цел да се овозможи лесно подигање и транспортирање на истиот.

чл.6

Секоја бизнис фирма е должна отпадните и атмосферските води на локацијата да ги прифати и спроведе во уличната канализациона мрежа при тоа водејки сметка за евентуално нивно пречистување.

чл.7

Секоја бизнис фирма е должна да го загради своето земјиште на сопствен трошок според усвоена типизирана ограда од страна на ЈП СИЗ Жабени.

чл.8

Се забранува изградба и користење на септички јами и бунари за вода во зоната.

## 2.ЗАЕДНИЧКИ ТРОШОЦИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗОНАТА

чл.9

Под заеднички трошоци се сметаат сите трошоци кои се прават за функционирање и одржување на индустриската зона и тоа:

-одржување на улично осветлување
-одржување на јавната чистота на јавните површини и патишта во зоната
-реконструкција и поправки на улиците и јавните површини во зоната
-позеленување и одржување на затревените површини и парковите
-обезбедување на зоната во смисол на контролиран влез и излез .

чл.10

За повисок степен на безбедност на своите објекти секоја бизнис фирма склучува поединечен договор со ЈП СИЗ Жабени

## 3.ПОЕДИНЕЧНИ КОМУНАЛНИ ТРОШОЦИ

чл.11

Под поединечни комунални трошоци се сметаат:
-надоместок за подигање на комунален отпад
-надоместок за санитарна вода

-надоместок за технолошка вода
-надоместок за одржување на канализациона мрежа и пречистителна станица

Висината на месечниот надомест се пресметува врз база на цените усвоени од страна на Управниот одбор на ЈП СИЗ Жабени со тоа што истите не можат да бидат повисоки од важечките цени за комуналните надоместоци на ниво на јавните претпријатија во Општина Битола, а ке се распределува согласно критериумите на комуналните јавни претпријатија. Со исклучок за пречистителната станица за која се плака надомест согласно направените трошоци за работа на истата, а по потрошен м3 вода.

## 4.ТРОШОЦИ ЗА РАБОТА НА ЗОНАТА

чл.12

Деловните односи помеѓу ЈП СИЗ „ЖАБЕНИ„ и инвеститорите ќе бидат регулирани со Анекс договори.

чл.13

ЈП СИЗ Жабени врши организиран превоз за вработените во зоната по потреба .

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

чл.14

Правилникот за работа го предлага ЈП СИЗ Жабени истиот го усвојува Советот на Општина Битола.

чл.15

Одредбите од овој правилник се обврзувачки за сите бизнис фирми во зона Жабени , а за неисполнување на истите ке ги сносат трошоците направени со евентуално ангажирање на други фирми на нивна сметка за одстранување на недостатоци или неизвршени работи предвидени како обврски во правилникот.

чл.16

Во случај на евентуален спор поради непочитување на одредбите од Правилникот надлежен е Основниот суд во Битола.

ЈП СИЗ ЖАБЕНИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ", бр. 5/02), член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола**

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г. ("Службен гласник на Општината Битола" 7/10) и тоа:
во членот 5 став 1 работните места под реден број 25,55, 64, 73, 79, 80 во делот на посебните услови бројот „ 240 „ се заменуваат со бројот „180 „
Во табеларниот преглед кај работните места под реден број 25, 55, 64, 73, 79, 80 во делот на вид и степен на образование бројот „ 240 „ се заменува со бројот „180 „

**Член 2**

По работното место под број 86 се додава ново работно место 86а кое гласи:

**86а. Назив на работното место**: **<u>културни манифестации</u>**

**Звање**: Соработник
**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Спроведување на рутински работи и задачи како подршка на одредени функции од елокругот на одделението во согласност со општите упатства на раководителот на одделението и под негов надзор.

**Главни работни должности:**

- континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и културата ;
- учествува во изготвување на програма за институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за Општината; програмата за негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и други културни вредности; програмата за организирање културни манифестации; програмата за поттикнување на разновидни специфични форми на творештво; како и учество во изработка на програмата за одбележување на настани и личности од значење за Општината со спомен обележја;
- учествува во изготвување на проекти од областа на културата и дава мислење за предложените проекти од оваа област; учествува во работата на проектните тимови за реализација на проекти од областа на културата;
- учествува во организирање на културни манифестации предвидени во соодветната програма на општината
- врши прием на странки и дава информации

- учествува во изготвување на стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината; дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти;
- одговара за својата работа во рамките на своите овластувања и врши други работи и задачи што ќе му ги довери раководителот на одделението.

**Посебни услови**:

- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Факултет за туризам и угостителство
- работно искуство од најмалку 1 години во струката
- други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајќи и лични квалитети:работа со компјутери; искуство во организирање на културни манифестации, способност за тимска работа;

**Број на извршители:** 1

Во табеларниот преглед по работното место со реден број 86 се додава реден број 86а

| **Р.бр.** | **Назив на работното место** | **Звање** | **Бр. На Изврш ители** | **Вид и степен на образование** | **Работно Искуство** |
|---|---|---|---|---|---|
| 86а | Културни манифестации | Соработник | 1 | Стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 Факултет за туризам и угостителство работа со компјутер, искуство во организирање на културни манифестации способност за тимска работа | Најмалку 1 година во струката |

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината Битола”, а ќе се применува по добивањето на писмена Согласност од Агенцијата за администрација.

**Бр.08-636/1**
15.03.2011.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 128 и 132 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09 и 33/10) Градоначалникот на Општината Битола донесе

РЕШЕНИЕ
за избор на Директор на Основно училиште „Стив Наумов„
Битола

1. За Директор на ОУ „Стив Наумов„ Битола се избира Билјана Рахманова Тасева ВСС Педагошки факултет - Дипломиран учител и положен испит за директор во училиште.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**Образложение**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во ОУ, Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот – бр.03-46/4 од 15.03.2011 и Записник бр. 02-46/2 од 14.03.2011. со кој предлог за Директор на основното училиште е предложен кандидатот Билјана Рахманова Тасева ВСС Педагошки факултет - Дипломиран учител и положен испит за директор во училиште, кој воедно е и единствен кандидат кој се пријавил по огласот.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 132 од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината по предлог на Училишниот одбор.

Мандатот на Директорот трае 4 години , согласно член 128 од Законот за основно образование.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-403/5
23.03.2011.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 135 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09 , 33/10, 116/10, 156/10, 18/11) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на В.Д. Директор на ОУ „Гоце Делчев„**
**Битола**

1. За В.Д. Директор на Основното училиште „Гоце Делчев„ Битола **се именува Менде Волчевски ВСС Наставник по историја** во Основното училиште „Гоце Делчев„ Битола.

Функцијата В.Д. Директор ја презема почнувајки од 23.03.2011 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

3. Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Основното училиште, а по престанокот на вработувањето на Директорот на истото, согласно член 135 од Законот за основното образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на ОУ „Гоце Делчев„ архивата на општинската администрација и избраниот В.Д. Директор.

**Бр.08- 714/2**
**23.03. 2011 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА,**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Владимир Талески**

# С О Д Р Ж И Н А

Р Е Ш Е Н И Е за избор на претседател и членови на Верификационата комисија........ 89

О Д Л У К А за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Битола.... 90

З А К Л У Ч О К за усвојување Опертивен план и Програмата за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем, јавната депонија и ѓубриштата на град Битола за 2011 година ........................................................... 90

З А К Л У Ч О К за усвојување Превентивен план и програма за контрола и уништување на комарците на подрачјето на Општината Битола во 2011 година........... 91

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за санација на Реката Драгор ........................ 92

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за чистење и одржување на ободните канали во Битола........................................... 92

З А К Л У Ч О К за усвојување Финансовиот план за работа на ЈП „Комуналец“ Битола за 2011 година............. 93

З А К Л У Ч О К за усвојување Финансовата програма за одржување јавната чистота на јавните површини на подрачјето на Општината Битола во 2011 година .......................................................... 93

З А К Л У Ч О К за усвојување Финансовата програма за одржување на јавните зелени површини на подрачјето на Општината Битола во 2011 година ............... 94

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Јени Маале 2 дел“ Блок 1 - Битола.......................................................... 94

О Д Л У К А за прифаќање на трајно користење на недвижна ствар во сопственост на Република Македонија без надоместок ..................................................... 95

О Д Л У К А за прифаќање во сопственост на недвижни ствари на Општината Битола без надоместок............................................... 96

О Д Л У К А за прифаќање на трајно користење на движни ствари во сопственост на Република Македонија без надоместок ..................................................... 96

ОДЛУКА за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти за производство на енергија на подрачјето на Општината Битола кои користат обновливи извори на енергија во Република Македонија .................................................... 97

О Д Л У К А за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Сојуз на спортови - Битола ........................... 98

О Д Л У К А за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Општински сојуз на училишен спорт - Битола ........................................................... 98

З А К Л У Ч О К за усвојување Правилник за користење на просторот во зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната ............................................................ 99

П Р А В И Л Н И К за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето................................................. 100

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Комисијата за статут и прописи на Советот на Општината Битола 106

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Комисијата за јавни и комунални дејности на Советот на Општината Битола....................................... 107

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Комисијата за заштита на човековата средина на Советот на Општината Битола....................................... 107

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Здружението „СЛОУ ФУД“ Битола да го употреби името Битола ................................ 108

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола .......................................... 108

З А К Л У Ч О К за усвојување Проектот почиста и зелена Битола за 2011 година..... 109

П Р А В И Л Н И К за користење на просторот во зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната...................................................................110

П Р А В И Л Н И К за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација во Општината Битола................................................................. 113

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Основното училиште „Стив Наумов“, Битола ........................................................... 115

Р Е Ш Е Н И Е за именување на В.Д. Директор на ОУ „Гоце Делчев“, Битола..... 116

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211